# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И АГЕНЦИЈАТА ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ОД РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Имајќи ги предвид законските надлежности на Државната комисија за спречување на корупцијата и на Агенцијата за борба против корупцијата,

Како и меѓународната правна рамка, особено Конвенцијата на Обединетите нации за борба против корупцијата,

Потребата од натамошно развивање на меѓусебната соработка на антикорупциските тела со цел натамошно зајакнување на ефективноста во борбата против корупцијата преку размена на искуства и најдобри практики,

Признавајќи ја клучната улога на Државната комисија за спречување на корупцијата и на Агенцијата за борба против корупцијата што ја имаат во своите земји и нивните искуства што можат да бидат од взаемна корист,

Државната комисија за спречување на корупцијата, претставувана од г-дин Горан Миленков, претседател на Комисијата и Агенцијата за борба против корупцијата, претставувана од г-ѓа Татјана Бабиќ, директор на Агенцијата, во понатамошниот текст „Потписници“ се согласуваат:

1. Потписниците воспоставуваат соработка со цел размена на искуства, информации и техничка помош и поддршка заради унапредување на нивната работа во рамки на законските надлежности

2. Во рамките на соработката, Потписниците ќе овозможат меѓусебна техничка соработка и размена на искуства директно, или преку други институции и организации доколку е тоа попрактично и поефикасно, а се однесуваат на широк спектар на прашања во врска со превенција на корупцијата, промовирање на системот на интегритет и добро управување, што вклучува но не се ограничува на:

- Обуки и едукација
- Размена на технички и ИТ решенија и проекти
- Соработка меѓу јавниот, приватниот и невладиниот сектор

- Стратегии и политики за зајакнување на превентивните програми
- Истражувања
- Активности за јакнење на свеста за корупцијата и судирот на интереси
- Развивање на програми и активности со цел успешна реализација на обврските на Потписниците што произлегуваат од меѓународни проекти и договори

3. Потписниците ќе развијат соработка на највискоко ниво, за што по потреба ќе ги користат следните механизми:
- Формирање на работни групи за одредени прашања од заемен интерес
- Воспоставување на меѓусебни консултации и информирање
- Спроведување на истражувања за прашања од заеднички интерес
- Спроведување на заеднички обуки и едукации
- Размена на информации од значење за поддршка за учество на национални и меѓународни конференции, семинари, форуми, состаноци и проекти

4. Активностите опфатени со овој Меморандум за соработка ѓе бидат спроведени од страна на Комисијата и Агенцијата во согласност со нивните законски надлежности, подзаконските акти и во рамките на расположивите средства

5. Меморандумот за соработка влегува во сила со денот на потпишување

6. Меморандумот за соработка е потпишан во шест оригинални примероци, од кои два на македонски, два на српски и два на англиски јазик. Во случај на евентуален спор, како валидна се применува верзијата на англиски јазик.

Во Белград, 20. 01. 2016 година

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Горан Миленков**

**АГЕНЦИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА**
**Директор,**
**Татјана Бабиќ**